**Известување за концентрација со која Стелантис Н.В., Холандија и Хон Хаи Прецижн Индустри Ко. Лтд, Тајван формираат целосно функционално заедничко вложување (предмет бр. 08-152/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.11.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата Стелантис Н.В. со седиште на Таурусавењу 1, 2132 Хофдорп, Холандија и Хон Хаи Прецижн Индустри Ко. Лтд со седиште на бр.66, Жонгшан Рд., Тученг Дист., Њу Тајпеи Сити, Тајван, Република Кина формираат целосно функционално заедничко вложување.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Концентрацијата се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Стелантис Н.В. (Stellantis N.V.), со седиште на Таурусавењу 1, 2132 Хофдорп, Холандија и Хон Хаи Пресижн Индустри Ко., Лтд (Hon Hai Precision Industry Co., Ltd.), со седиште на бр.66, Жонгшан Рд., Тученг Дист., Њу Тајпеи Сити, Тајван, Република Кина, кое првенствено ќе биде активно во проектирање и обезбедување на полупроводници за потребите на автомобилската индустрија („Заедничко вложување“). По Предложената трансакцијата, Стелантис Н.В. и Хон Хаи Пресижн Индустри Ко., Лтд ќе поседуваат по 50% од уделот во Заедничкото вложување, над кое ќе имаат заедничка контрола.

**Стелантис** е владејачкото друштво на Стелантис групацијата на друштва („**Стелантис групација**“). Стелантис групацијата е глобална автомобилска групација активна во проектирање, инженерство, производство, дистрибуција и продажба на автомобили, делови и системи за производство на автомобили, на светско ниво. Стелантис групацијата има приближно 300.000 вработени.

Стелантис групацијата нема регистрирани субјекти во Република Северна Македонија, а индиректно остварува приходи, главно од продажбата на своите возила преку независни дистрибутери.

**Хон Хаи** е друштво од Тајван, чиј акции котираат на Тајванската берза (Taiwan Stock Exchange Corporation). Хон Хаи е владејачко друштво на Фокскон групацијата на друштва (Foxconn Group of companies, „**Фокскон групација**“). Хон Хаи е водечки давател на технолошки решенија. Неговите производи и услуги се категоризираат на следниот начин:

- делови вклучувајќи разновидни приклучоци, склопови на кабли, кабелски куќишта и електронски и други компоненти;
- модули составени од матични плочи и подсклопови; и ,
- системи составени од целосен системски склоп на електронски производи.

Фокскон групацијата не е активна и не остварува приходи во Република Северна Македонија.

Имајќи ги предвид планираните деловни активности на Заедничкото вложување; Подносителите сметаат дека **релевантниот пазар на производи** за предметната концентрација може да биде дефиниран како пазар за производство и продажба на полупроводници за автомобилска примена.

Подносителите сметаат дека **релевантниот географски пазар** може да се дефинира како територијата на Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

15.12.2022 година, Скопје